**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 10-343/5**
**Скопје, 16.05.2005 година**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**
**НА МАКЕДОНИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст Фонд), за 2004 година, кои се прикажани на страните од 14 до 16.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно со член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за годината која и претходи на годината предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Д-р Никола Пановски, директор на Фондот, од 08.12.2003 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 13, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена во периодот од 01.03. – 09.03. и од 21.03 до 22.04.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Владимир Милојевиќ-помошник на ГДР и овластен државен ревизор,
   - Наташа Мисовска, самостоен ревизор,
   - Љубица Локвенец, ревизор,
   - Емилија А.Јовановиќ, ревизор и
   - Христина Гочева, помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

-дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
-дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 12.05.2005 година добиени се Забелешки по Претходниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2004 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија бр.05-3635/1 од 12.05.2005 година. Забелешките се разгледани и по истите е констатирано следново:
-Забелешките на констатациите изнесени во точките 10.1.4, 10.2.1. и 10.3.1 ал.3 на Претходниот извештај се прифаќаат;
-Забелешките на констатациите изнесени во точките 10.1.3, 10.5.1. ал.4 и точка 10.5.2. ал.8 на Претходниот извештај делумно се прифаќаат;
-Забелешките на констатациите изнесени во точките 10.2.4, 10.3.1. ал.2, 10.5.2. ал.1 и 7 на Претходниот извештај не се прифаќаат.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го утврди следното:

***11.1. Неправилна примена на акти:***

11.1.1. Спротивно на Законот за буџетите, Законот за здравствено осигурување и Правилникот за изготвување и утврдување на буџетот на Фондот е утврдено дека :

- предлогот на буџетската пресметка не содржи преглед на работите и задачите кои треба да се извршуваат во текот на фискалната година (програмски активности) односно нема програмски буџет спротивно на член 16 и 21 од Законот за буџети;

- буџетот за 2004 година не содржи процена на обврските за наредните две години на ниво на поткатегории;

- не се врши усогласување со здравствените установи пред донесувањето на буџетот спротивно на член 11 од Правилникот. Пред донесувањето на буџетот здравствените установи доставуваат планови односно предлог пресметки кои Фондот не ги прифаќа. Поради ваквата состојба предлог пресметката Фондот ја изработува врз основа на сопствени проценки;

- не се врши усогласување на буџетот на Фондот пред донесувањето со Министерството за здравство и Министерството за финансии спротивно на член 13 од Правилникот;

- не е дадена согласност за буџетот на Фондот од Министерството за здравство спротивно на член 14 од Правилникот;

- не е предвидена буџетска резерва (постојана и тековна) за покривање на непредвидливите барања за трошоците кои ќе се појават во текот на буџетската година спротивно на член 24 од Законот за буџетите;

- не е донесен план и програма за здравствените услуги кои се финансираат од средствата на задолжителното здравствено осигурување на Фондот за 2004 година спротивно на член 68 од Законот за здравствено осигурување;

- Фондот не ги известува здравствените установи за планот на средствата за здравствените услуги кои ќе се финансираат од средствата на задолжителното здравствено осигурување и врз основа на кој здравствените установи ќе донесат финансиски план што е спротивно на член 16 од Правилникот. Притоа здравствените установи неможат да извршат добро финансиско управување врз јасно утврдени буџетски цели;

- распределбата на средствата не се врши врз основа на месечно утврден износ за секоја здравствена установа спротивно на член 17 од Правилникот за изготвување и утврдување на буџетот на Фондот.

**Препораки:**

1. Со Законот за буџетите, Законот за здравствено осигурување и Правилникот за изготвување и утврдување на буџетот на Фондот јасно се утврдени посебните процедури кои ги регулираат оперативните постапки, одговорностите во врска со процесот на изготвување, развој, извршување и мониторинг на буџетот. Потребно е Фондот во соработка со Министерството за здравство и Министерството за финансии да ги спроведува сите предвидени процедури со претходно споменатите акти, развивајќи и утврдувајќи притоа буџет кој јасно ќе ги презентира утврдените цели на здравствената политика, давајќи им финансиска рамка на здравствените установи со јасно утврдени договорни односи.

2. За покривање на непредвидливите барања за трошоците кои ќе се појават во текот на годината да се предвидат средства во буџетот за буџетска резерва;

11.1.2. Не е назначен одговорен сметководител за водење на деловните книги, сметководствените документи, за обработка на податоците и изработка на годишните извештаи на Фондот, што е спротивно на член 16 точка 2 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

**Препорака:**

1. Директорот на Фондот да назначи одговорен сметководител за водење на деловните книги.

11.1.3. Не е донесен акт (ценовник) со кој би се утврдиле референтни цени за лекови, медицински помагала, опрема и потрошни материјали кои се користат во здравствената заштита на осигурените лица што Фондот ги надоместува, спротивно на член 54 точка 8 од Законот за здравствено осигурување. Рефундирањето на средствата на осигурениците се врши врз основа на цени утврдени на тендери кои Фондот ги спроведува.

**Препорака:**

1. Управниот одбор да донесе акт (ценовник) со кој би се утврдиле референтни цени за лекови, медицински помагала, опрема и потрошни материјали кои се користат во здравствената заштита на осигурените лица што Фондот ги надоместува, согласно на член 54 точка 8 од Законот за здравствено осигурување.

11.1.4. Не се води книга на влезни фактури спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака:**

1. Да се воведе книга на влезни фактури која претставува дел од задолжителните помошни книги предвидени со член 8 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

11.1.5. Сметководствените документи не се парафираат од одговорно лице како би се потврдила материјалната и формалната исправност на истите, спротивно на член 14 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

**Препорака:**

1. Да се назначи одговорно лице за контрола на сметководствената и формалната вистинитост и точност на секој одделен вид сметководствен документ кој истото ќе го потврди со свој потпис.

### *11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела:*

11.2.1. Обврските по групни набавки за лекови и медицински материјал се евидентираат во моментот на плаќање на фактурите, истите гласат на јавните здравствени установи а не на Фондот, иако Фондот склучува договори со добавувачите. При плаќањето на обврските по фактурите се раздолжуваат јавните здравствени установи и истовремено се намалуваат обврските на Фондот кон јавните здравствени установи за истиот износ но за извршени здравствени услуги. Притоа, може да се заклучи дека Фондот на овој начин на подмирување на обврските кон добавувачите за лекови и медицински материјали за сметка на јавните здравствени установи извршува еден вид компензација со јавните здравствени установи за извршените здравствени услуги но без договор за истото. Во посебната евиденција на Фондот за обврските спрема добавувачи на лекови и медицински материјали евидентиран е износ од 2.501.533 илјада денари, кој износ секојдневно се менува заради незатворање на базата на податоци за пресметковниот период и ненавремено доставување на фактурите од страна на здравствените установи.

**Препораки:**

1. Потребно е да се воспостават интерни постапки за управување со набавките на здравствените установи во врска со реализацијата на истите и нивно следење. Фондот треба да обезбеди соодветна контрола на договорените и реализираните набавки и за таа цел да изврши распределба на одговорностите.

2. Базата на податоци од посебната евиденција на Фондот за обврските спрема добавувачи на лекови и медицински материјали да се заклучува соодветно за пресметковниот период.

11.2.2. Фондот нема единствен пристап во начинот на плаќањето на здравствените услуги помеѓу јавните и приватните здравствени установи. Финансирањето на јавните здравствени установи се врши авансно, а на приватните здравствени установи врз основа на стварно извршени услуги и доставени фактури. Фондот има донесено критериуми за склучување на договори со јавните здравствени установи и за начинот на плаќање на здравствените услуги но финансирањето на јавните здравствените установи не е засновано врз основа на склучени договори кај 54 јавни здравствени установи а за 17 јавни здравствени установи со кои се склучени договори за здравствени услуги за специјалистичко консултативната и болничка здравствена заштита истите не се почитуваат и повторно авансно се исплатуваат средства. Здравствените установи продолжуваат да фактурираат за здравствени услуги, додека Фондот исплатува средства кои се однесуваат на основни трошоци за нивно функционирање. Фондот сеуште развива процедури за следење на договорите и нивна имплементација во системот на Фондот заради што се јавуваат и горенаведените неправилности.

**Препорака:**

1. Да се воведе финансирање на јавните здравствени установи согласно Законот за здравствено осигурување и донесените подзаконски акти за начинот на плаќање на здравствените услуги од здравствената заштита. На ваков начин ќе се изедначат условите на финансирање на јавното и приватното здравство.

11.2.3. Не се оставерни планираните приходи од Буџетот на РМ по Програмите за здравствена заштита во износ од 135.580 илјади денари, кои Буџетот на Република Македонија треба да ги дозначи до Фондот на име средства за партиципација за осигурените лица во 2004 година (195.580 илјади денари планирани средства – 60.000 илјади денари реализирани средства). Законот за здравствена заштита предвидува општи мерки за заштита на здравјето на сите граѓани за кои дел од средствата се обезбедуваат од Буџетот на РМ по донесени програми од Владата на РМ (член 32). Во секоја програма е предвиден износот со кој Буџетот ќе учествува за делот на средствата по основ на партиципација за осигурени лица додека пак останатите трошоци по програми се предвидени да се финансираат преку Министерството за здравство за што истото добива извештаи за извршени услуги од надлежните институции. За планираните средства Фондот нема устроено евиденција за следење на извршените здравствени услуги од здравствените установи за осигурените лица поради што не е во можност да доставува основани барања до Буџетот за извршени здравствени услуги по програми спротивно на член 7 и член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**Препораки:**

1. Да се воспостави евиденција за следење на извршените здравствени услуги од здравствените установи за осигурените лица по Програмите за здравствена заштита.

2. Да се доставуваат аргументирани писмени барања на средства по овој основ до Буџетот на РМ.

11.2.4. Фондот применува комбиниран метод на сметководствена евиденција во текот на годината, при што приходите ги евидентира според начелата на парично искажување (наплатена реализација), а расходите според пресметковното сметководство (фактурирана реализација). На крајот од годината е извршено прекнижување на пресметаните а неплатените трошоци на позицијата Активни временски разграничувања, а за авансираните средства евидентирани се расходи за здравствени услуги, со цел истите да се сведат според сметководственото начело на парично искажување според кој признавањето на расходите и други одливи се признаваат во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

11.2.5. На ставката Други оперативни расходи од Билансот на приходи и расходи и на позицијата Други пасивни временски разграничувања од Билансот на состојба, евидентиран е износ од 207 илјади денари, без сметководствен документ, а се однесува на спроведено книжење за усогласување на состојбата на жиро сметката со резулатот од работењето според сметководственото начело на парично искажување.

**Препорака:**

1.Сметководтвената евиденција на Фондот да се усогласи со одредбите од член 18 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, односно да се применува сметководственото начело на парично искажување за сите расходи и други одливи.

## 11.3. *Неправилности во искажувањето на приходите/расходите*

11.3.1. Поради погрешна сметководствена евиденција, спротивно на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за Буџетите, ревизијата утврди нереално искажување на расходите од Билансот на приходи и расходи, и тоа:

- Ставката Материјали е преценета за износ од 118 илјади денари, за истиот износ е потценета ставката Купување на мебел и канцелариска опрема, а се однесува на погрешно евидентирани расходи за набавка на опрема;
- Ставката Тековно одржување е преценета за износ од 819 илјади денари, за истиот износ е потценета ставката Основно и специјално одржување, а се однесува на извршено основно и специјално одржување на градежни објекти на подрачните служби;

Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 11.3.1. е преценување на расходите за Стоки и други услуги во износ од 937 илјади денари а потценување на расходите за Купување на капитални средства.

**Препорака:**

1. При евидентирањето на расходите правилно да се применува Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за Буџетите.

## 11.4. *Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

11.4.1. Позицијата Капитални средства, материјални средства и други капитални вложувања во Билансот на состојбата не е реално и објективно прикажана поради тоа што:

- за земјиште во вкупна вредност од 21.459 илјади денари и за градежните објекти во вкупна вредност од 411.106 илјади денари не е регулирана сопственоста на Фондот односно нема имотни листови;
- на позицијата Материјални средства во подготовка, во делот на Инвестиции во тек –градежни објекти е искажан износ од 5.324 илјади денари, за кој ревизијата неможеше да се увери во објективноста односно Подрачната служба на Фондот во Крива Паланка не располага со веродостоен документ.

**Препорака:**

1. Да се покрене постапка за обезбедување на имотни листови (поседовни листови) за капиталните средства со кои располага Фондот.

11.4.2 На позицијата Средства за други намени во делот на Други побарувања од средствата за други намени во Билансот на состојба евидентиран е износ од 1.058 илјади денари, за која позиција ревизијата не можеше да се увери во основот за евидентирање и истата не е опфатена со Извештајот од извршен попис.

**Препорака:**

1. Да се преиспита основот за евидентирање на позициите од Билансот на состојба и нивната староснa структура.

11.4.3. Не е усогласена состојбата на сметките искажана на ден 31.12.2004 година согласно начелото на парично искажување заради пресметковна евиденција во минати години. При промена на сметководствената политика (преминувањето на друг начин на евиденција-буџетско сметководство) не е извршено усогласување на сметките.

**Препораки:**

1. Да се превземат мерки за расчистување на старите состојби пренесени од минати години;
2. Да се изврши усогласување на сметките.

## *11.5. Ненаменско и незаконско користење на средства:*

### *11.5.1. Направени расходи без претходно обезбедени средства со буџет и спротивно на законските прописи*

- На позицијата Обврски во меѓусебни односи спрема фондовите и корисниците (Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите) од Билансот на состојба евидентирани се превземени обврски во вкупен износ од

2.012.181 илјада денари а се однесуваат за извршени здравствени услуги од страна на здравствените установи за кои не се обезбедени средства во Буџетот на Фондот за 2004 година. Ваквата состојба е резултат на нерегулираните односи за начинот на плаќањето на здравствените услуги од минати години и фактурирани здравствени услуги од 54 јавни здравствени установи за кои финансирањето не е засновано врз основа на склучени договори како што е предвидено со Законот за здравствено осигурување, а за склучените 17 договори не се применуваат договорените одредби. Не е извршен попис на обврските во меѓусебните односи помеѓу Фондот и здравствените установи искажани во Билансот на состојба заради неспроведени завршни книжења на денот на пописот.

- На позицијата Меѓусебни побарувања во односите со фондовите и корисниците (Побарувања од здравствени установи во земјата) од Билансот на состојба евидентирани се авансирани средства во јавните здравствени установи во вкупен износ од 3.183.784 илјади денари од кои 427.390 илјади денари се авансирани во 2004 година. За истите Фондот евидентирал трошоци во износ од 427.390 илјади денари на ставката Договорни услуги што во суштина претставува спроведено книжење за усогласување со буџетските принципи на евидентирање (искажување). За овој износ јавните здравствени установи немаат доставено фактури за извршени здравствени услуги до Фондот а се исплатувани средства на јавните здравствени установи кои се однесуваат на основни трошоци за нивно функционирање (плата, надоместоци, комунални и материјални трошоци). Не е извршен попис на горенаведените побарувања заради неспроведени завршни книжења на денот на пописот.

- Исплатени се средства над договорениот износ помеѓу Фондот и Приватната здравствена организација специјална болница по кардиохирургија Филип Втори Скопје во износ од 13.152 илјади денари. За надминувањето на износот утврден со Договорот не е склучен Анекс кон договорот.

- При извршување на Буџетот на Фондот за 2004 година одредени расходни позиции се извршени над износот планиран и утврден со Буџетот на Фондот за 2004 година, без претходно да се направи пренамена од Управниот одбор на Фондот.

  Реализирани се расходи над износот планиран по ставки и тоа:
  - комуникација и транспорт 3.616 илј.ден.
  - други оперативни расходи 10.820 илј.ден.

- За потребите на членовите на Управниот одбор освен за месечно утврдениот паушал, исплатени се дополнителни средства за присуство на седница (по 900 денари) во вкупен износ од 139 илјади денари и за користење на мобилни телефони во вкупен износ од 264 илјади денари и тоа по одлука од Управниот одбор која не кореспондира со Одлуката донесена од страна на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на РМ;

- Ненаменски се исплатени средства за специјализација-постдипломски студии за 4 вработени во Фондот, во вкупен износ од 225 илјади денари, за кои со Правилникот за систематизација не е утврдена потребата од дополнително образование.

**Препораки:**

1. Да се регулираат односите за начинот на плаќање на здравствените услуги со сите здравствени установи. Притоа да се примени законски утврдениот норматив за склучување на договори со точно утврдена финансиска рамка усогласена со утврдените средства во буџетот на Фондот. За склучените договори да се придржува кон одредбите утврдени во договорите и да се воспотстави систем на контрола за нивна реализација.
2. Да не се превземаат обврски над максималните износи утврдени во буџетскиот документ.
3. Со пописот да се утврди состојбата на побарувањата и обврските по сите основи во законски предвидениот рок.
4. Прераспределбата на планираните расходи во текот на една фискална година да не се врши без одобрение од надлежните органи.
5. Да не се исплатуваат дополнителни средства за присуство на седница-дневни трошоци за членовите на Управен одбор заради непостоење на законски основ за исплата на истите.
6. За исплата на средства за специјализација-постдипломски студии потребно е претходно да е утврдена потреба за ваков вид на образование за работните места предвидени во Правилникот за систематизација.
7. Исплатените средства без основ да се вратат на сметката на Фондот.

### *11.5.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

- Фондот спроведува групни набавки за дел од потребите на јавните здравствени установи и тоа за инвестициони вложувања, медицинска опрема, лекови, медицински потрошен материјал, медицински помагала, огрев, без претходно склучени договори со јавните здравствени установи за извршување на групна набавка, што е спротивно на Законот за јавни набавки;
- Договорите со добавувачите ги склучува Фондот. Добавувачите не фактурираат на Фондот со кого имаат склучено договор, туку фактурираат на јавните здравствени установи, иако обврските ги измирува Фондот;
- За ваквиот начин на набавка Фондот нема воспоставена материјална евиденција и контрола со која би можело да се следи извршувањето на договорите по количини, вредност и времетраење;
- Во договорите склучени помеѓу Фондот и добавувачите по извршена групна набавка за снабдување на јавните здравствени установи со потребниот потрошен материјал за обавување на здравствената дејност (набавка на лекови и медицински материјали) определена е количината којашто добавувачот треба да ја испорача но не е утврдена количината која треба да се испорача по јавните здравствени установи. За извршените набавки се известуваат јавните здравствени установи за извршениот избор на добавувач и цени по видови на лекови и медицински материјали но не и за количината. Според тоа, неможе да се изврши ограничување во потрошувачката и следење на количината утврдена со договорот;
- Нарачките по договорите ги прават самите јавни здравствени установи а Фондот ги превзема обврските по фактури од добавувачи за веќе реализирани нарачки. Со тоа им се овозможува на јавните здравствени установи да набавуваат количини над реалните потреби и да создаваат залихи, што доведува до повеќекратно надминување на вредноста на договорите.

На пример, вредноста утврдена во договорот за набавка на лекови од позитивната листа на лекови-примарна заштита е надмината за износ од 473.668 илјади денари. Ова надминување на планираните количини со набавката произлегува и од неправилно испланирана количина;

- Без да се спроведе постапка за јавна набавка набавувани се лекови и медицински материјали по договори од 2001 и 2002 година кои се веќе реализирани. Истите се надополнувани со анекси во повеќекратно поголем износ од вредноста на основниот договор и со анекси за лекови и медицински материјали кои не се предвидени со основниот договор;
- Склучен е Анекс кон основен Договор помеѓу Фондот и Кемо боја – Скопје, на износ од 1.697 илјади денари, за веќе извршени дополнителни градежно занаетчиски работи за реконструкција на Клиниката за пулмологија и алергологија при Клиничкиот Центар Скопје во 2002 година, спротивно на член 48 став 2 алинеа 4 од Законот за јавни набавки.
  Имено, Анексот е склучен по истекот на цели две години од основниот договор и по одредби на Закон кој не е во сила;
- Не е спроведена постапка за јавна набавка во повеќе случаи во вкупен износ од 57.986 илјади денари прикажани во прегледот даден во Прилогот број 1 на овој извештај;
- Неспроведувањата на постапки за јавни набавки создаваат можност за измами, грешки, злоупотреба, корупција и набавки по зголемени цени.

**Препораки:**

1. Да се изработи годишен план за набавка на ниво на здравствени установи.
2. Групните набавки да се извршуваат по претходно склучен договор за извршување на групна набавка во кој децидно ќе биде регулирана организацијата на набавките и меѓусебните односи на Фондот и здравствените установи.
3. Да се воспостави контрола за следење на извршувањето на договорите по количини, вредност и времетраење.
4. Да се утврди количината која треба да се испорача по јавните здравствени установи врз реално доставени барања за потребни количини и истите да се дел од договорот. За извршените набавки да се известуваат јавните здравствени установи за извршениот избор на добавувач не само за цени по видови на лекови и медицински материјали туку и за договорената количина по здравствени установи. На овој начин ќе се изврши ограничување во потрошувачката и овозможи следење на количината утврдена со договорот.
5. Нарачките да се извршуваат од страна на Фондот во рамките на договорените количини по здравствени установи при што ќе се подобри контролата на реализацијата на договорите по количини и цени и ќе се избегне непотребното создавање на залихи од страна на јавните здравствени установи. Фактурирањето да се врши на име на добавувачот кој го склучил договоро (Фондот) со прилог на испратници потпишани и заверени од здравствените установи како потврда за извршен прием на нарачките. Со ваквиот начин на организација на набавките фактурите навремено ќе се доставуваат директно на добавувачот и ќе се избегне задржувањето на фактурите од страна на здравствените установи.
6. Спроведувањето на набавките да се врши во согласност со Законот за јавни набавки.

12. Според наше мислење освен за изнесеното во точката 11.3. и 11.4., финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на ден 31 Декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење освен за изнесеното во точките 11.1, 11.2. и 11.5, кај Фондот за здравствено осигурување на Македонија остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

14. Статутот на Фондот сеуште нема согласност од страна на Собранието на Република Македонија, иако Управниот одбор има донесено Одлука за усвојување на Статутот и истиот е доставен и разгледан од Законодавно-правната комисија и Комисијата за здравство на Собранието на Република Македонија.

15. Во текот на 2003 година на 95 вработени (7 од централата и 88 од Подрачните служби на Фондот) им престанува работниот однос по основ технолошки вишок. Со 65 вработени започнати се судски спорови, кои во текот на 2004 година сеуште не се завршени.

16. Ревизијата констатира слабости при издавањето на бандероли за набавка на лекови од позитивната листа. Барањата за издавање на бандероли за лекови од позитивната листа на лекови од страна на аптеките се доставуваат до добавувачите на лекови. Истите се обработуваат од добавувачите и се препраќаат до Фондот заедно со барањата од аптеките. Фондот ги обработува податоците и ги издава бандеролите на добавувачите по усно одобрување од директорот. Количината на издадени бандероли треба да ја прати утврдената количина во договорите со јавната набавка на лекови што не е случај. Заради тоа што бандеролите се испорачуваат на добавувачите Фондот понатаму нема контрола дали лековите ќе бидат дистрибуирани на аптеките што доставиле барање, што значи дека реализацијата не се следи. Фондот врши контрола на фактурираните испорачани лекови кај аптеките но истото не се потврдува со потпис.

17. Според податоци од посебната евиденција, што се води во подрачните служби, Фондот заклучно со месец декември 2004 година има побарување за заостанат неплатен придонес за задолжително здравствено осигурување за повеќе месеци за дел од средните и големите трговски друштва во вкупен износ од 2.534.299 илјади денари. За надминување на претходно наведената состојба и обезбедување на континуитет во наплата на придонесот, Фондот склучува договори за плаќање на рати со правните лица кои имаат неплатен заостанат придонес за задолжително здравствено осигурување и тоа со плаќање на придонесот за тековниот месец да исплати и придонес за половина заостанатата месечна рата. Истовремено зачестена е појавата кај голем број фирми кои имаат заостаната неизмирена обврска за придонес за задолжително здравствено осигурување да е отворена стечајна или ликвидациона постапка.

18. Во врска со Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот за 2002 година ревизијата утврди дека за констатациите изнесени во точките 9.1, 9.3, 9.4, 9.6, од точка 9.9. до точка 9.12, 9.15, 9.16, 9.18, 9.22, 9.24, 9.25, за дел од точка 9.26. од страна на субјектот се превземени мерки за отстаранување на наведените слабости и неправилности, а за констатциите изнесени во точките 9.2, 9.5, 9.7, 9.8, 9.14, 9.17, 9.19, 9.20, 9.21, 9.23, 9.27 и за дел од точка 9.26. Фондот не превземал мерки за отстранување на истите.

Одредени утврдени слабости и неправилности се повторуваат и се утврдени со ревизијата на финансиските извештаи на Фондот од 2000 година.

19. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Фондот во текот на ревизијата:

19.1. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба

- Позицијата Капитални средства, материјални средства и други капитални вложувања во Билансот на состојбата во 2004 година е преценета за износ од 112.290 илјади денари (сегашна вредност), истовремено за истиот износ е преценета позицијата Извори на капитални средства и други средства со кои располагаат и управуваат буџетот и фондовите во државата, а се однесува на евидентирани капитални средства-деловен објект на ул. Маршал Тито бб, КО Центар 1 (поранешен објект на "Тетекс") кој што е во сопственост на Владата на Република Македонија и за дел од истиот со одлука на Владата на Република Македонија број 23-659/4 од 01.10.2002 година е пренесено само правото на користење на работните простории во објектот на Фондот но не и сопственоста. Поради претходното, споменатиот објект нетреба да се води во сметководствената евиденција на Фондот, односно истиот може да се евидентира вонбилансно се до стекнување на сопственички права од страна на Фондот. За извршената реконструкција Фондот има добиено одобрение за градење од надлежниот орган и тоа за изградба на кос кров за покривање на непроодна тераса на објектот, а не и за надградба на нов простор ( 3 -ти кат). Од овие причини сеуште не е извршен технички преглед и не е издадено решение за употреба на објектот од страна на надлежен орган спротивно на член 28 од Законот за изградба на инвестициони објекти.

- Позицијата Капитални средства во делот на Градежни објекти во Билансот на состојба е преценета за износ од 104.840 илјади денари, за кој износ е потценета позицијата Материјални средства во подготовка во делот на Инвестиции во тек –градежни објекти, а се однесува на евидентиран градежен објект - акцелератор без да се обезбеди технички прием од надлежен орган, со кое ќе се потврди дека објектот може да се стави во функција.
- Позициите Капитални средства во делот на Други материјални средства и Акумулирана Амортизација во делот на акумулирана амортизација на други средства во Билансот на состојба се потценети за износ од 3.071 илјади денари, поради употреба на аналитичко конто кое не е предвидено со сметковниот план.

- Позициите Активни временски разграничувања и Пасивни временски разграничувања од Билансот на состојба се преценети за износ од 240.652 илјади денари, а се однесува на неевидентиран износ за спроведени пребивања на салда на побарувања и обврски за јавните здравствени установи во 2004 година на горенаведените позиции. Во текот на ревизијата пуштена е исправка за што на ревизијата и е даден налог за спроведеното книжење;

- Позицијата Капитални средства во делот на Опрема во Билансот на состојба е преценета за износ од 439.588 илјади денари, за кој износ е потценета позицијата Материјални средства во подготовка во делот на Инвестиции во тек – опрема, а се однесува на евидентиран медицински апарат-акцелератор во сметководствената евиденција на Фондот за кој не е извршен технички прием од надлежен орган.

- Позицијата Капитални средства во делот на Опрема во Билансот на состојба е потценета за износ од 118 илјади денари, позицијата Исправка на вредноста на опремата е потценета за износ од 23 илјади денари и позицијата Извори на капитални средства и другите средства со кои располагаат и управуваат фондовите-државен капитал е потценета за износ од 95 илјади денари, поради погрешна евиденција на набавена опрема-свичеви, сметководствено евидентирани како расход за ленти, касети и друго за АОП;

- Позициите Градежни објекти и Извори на капитални средства и другите средства со кои располагаат и управуваат фондовите-државен капитал во Билансот на состојба се потценети за вкупен износ од 819 илјади денари, поради неевидентирање во сметководтсвената евиденција на извршена изведба и реконструкција на градежни објекти во подрачните служби, сметководствено евидентирани како трошоци за одржување на градежни објекти.

***Преземени мерки:***

1. За неправилностите во искажувањето на позициите од Билансот на состојба во текот на ревизијата пуштена е исправка за што на ревизијата и е даден налог за спроведеното книжење и истите се инкорпорирани во рекласифицираните финансиски извештаи дадени на страните 15,16 и 17 од овој извештај.

19.2. На позицијата Меѓусебни побарувања во односите со фондовите и корисниците (Побарувања од здравствени установи во странство) од Билансот на состојба евидентирани се авансирани средства за лекување во странски болници на осигурениците во износ од 144.960 илјади денари кои потекнуваат од минати години и од тековна година. Истите се должат на уплатени средства за лекување на осигурениците во странство а не се искористени или не се расчистени со документација (фактури од странските болници). Средствата се исплатени врз основа на Решение за упатување на лицето за лекување во странство од Фондот со претходно обезбедена медицинска документација, конзилијарно клиничко мислење и издадена оценка и мислење од лекарска комисија.

***Преземени мерки:***

1. Со усвојувањето на пописот на Фондот усвоен е и предлогот на пописната комисија за доставување на дописи до сите осигурени лица кои се лекувале во странство и вклучување на амбасадите на РМ во обезбедување на потребни информации за расчистување на предметите за лекување на осигурените лица во странство. Во 2005 година започната е постапка за обезбедување на потребната документација.

**Скопје, 16.05.2005 година** **Овластен државен ревизор,**

**Владимир Милојевиќ**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2004 | 2003 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Даночни приходи | 14,724,108 | 14,022,733 |
| Неданочни приходи | 16,093 | 19,320 |
| Трансфери и донации | 148,148 | 656,589 |
| **Вкупно приходи** | **14,888,349** | **14,698,642** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 173,280 | 196,385 |
| Стоки и други услуги | 13,451,515 | 13,369,911 |
| Тековни трансфери и субвенции | 953,065 | 989,589 |
| Каматни плаќања | 17,486 | 43,452 |
| **Вкупно тековни расходи** | **14,595,346** | **14,599,337** |
| **Капитални расходи** | | |
| Купување на капитални средства | 22,602 | 52,794 |
| Капитални трансфери | 105,700 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **128,302** | **52,794** |
| **Давање на заеми, учество во дел од хартии од вредност и отплата на главница** | | |
| Отплата на главница | 0 | 45,500 |
| **Вкупно заеми и отплата на главница** | **0** | **45,500** |
| **Вкупно расходи** | **14,723,648** | **14,697,631** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | **164,701** | **1,011** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2004 | 2003 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Парични средства и побарувања** | | |
| Парични средства | 164,701 | 1,011 |
| Побарувања | 7,691 | 21,222 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 3,328,744 | 3,263,030 |
| Активни временски разграничувања | 3,050,574 | 2,901,518 |
| Залихи | 8,020 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **6,559,730** | **6,186,781** |
| **Капитални средства** | | |
| Капитални средства | 195,923 | 308,406 |
| Природни богатства | 21,459 | 21,106 |
| Материјални средства во подготовка | 549,752 | 5,324 |
| **Вкупно капитални средства** | **767,134** | **334,836** |
| **Средства на резервата, солидарноста и за други намени** | **17,887** | **17,540** |
| **Други долгорочни кредити и заеми и дефицит на буџетот** | **0** | **5,310** |
| **Вкупна актива** | **7,344,751** | **6,544,467** |
| **Вонбилансна евиденција-актива** | **112,290** | **8,401** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 23,723 | 31,104 |
| Краткорочни обврски по резерви | 36,177 | 36,053 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 0 | 13 |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 0 | 5,311 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски према вработените | 106,066 | 80,555 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 2,012,181 | 1,711,795 |
| Пасивни временски разграничувања | 3,644,752 | 3,408,612 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **5,822,899** | **5,273,443** |
| **Обврски по долгорочни кредити и заеми** | **644,984** | **834,744** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капиталните средства | 870,804 | **430,098** |
| **Вкупно извори на капитални средства** | **870,804** | **430,098** |
| **Извори и обврски на средствата за други намени** | **6,064** | **6,182** |
| **Вкупна пасива** | **7,344,751** | **6,544,467** |
| **Вонбилансна евиденција-пасива** | **112,290** | **8,401** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| О П И С | Државен јавен капитал (извори на капиталните средства со кои располагаат и управуваат буџетите и фондовите) | Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар и хартии од вредност) | Извори и обврски на средствата за други намени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2003 година** | **413,616** | **16,482** | 6,182 | **436,280** |
| **Зголемување по основ на:** | **567,946** | **9,017** | **15** | **576,978** |
| Набавки | 22,649 | 363 | 15 | 23,027 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | 544,428 | | | 544,428 |
| Ревалоризација на капитални средства | 373 | | | 373 |
| Преотстапени капитални средства | 496 | | | 496 |
| Залихи од вонбилансна евиденција во 2003 г. | | 8,612 | | 8,612 |
| Утврден вишок на залиха на лекови | | 42 | | 42 |
| **Намалување по основ на:** | **(135,607)** | **(650)** | **(133)** | **(136,390)** |
| Отстапување | | (646) | | (646) |
| Расход, кусок, отпис на капитални средства/залихи | (1,653) | (4) | (133) | (1,790) |
| Спроведени корекции во текот на ревизијата | (111,376) | | | (111,376) |
| Амортизација | (22,578) | | | (22,578) |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **845,955** | **24,849** | **6,064** | **876,868** |

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

***Бр. 10-343/13***
***18.07.2005 година***
***С к о п ј е***

Врз основа на член 27 од Законот за државната ревизија ("Сл. весник на РМ" бр. 73/2004-Пречистен текст) и добиен Приговор по Конечен извештај за извршена ревизија на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2004 година бр.05-4516/1 од 10.06.2005 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

***Р Е Ш Е Н И Е***
***по поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот на точката 11.5.2. алинеја 7 од Конечниот извештај за извршена ревизија на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2004 година се прифаќа.

2. Приговорот на точките 11.2.3, 11.5.2. алинеја 6 и 8 од Конечниот извештај за извршена ревизија на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2004 година делумно се прифаќа.

3. Приговорот на точките 11.1.3, 11.3.1. алинеја 2, 11.5.1. алинеја 4 и точките 12 и 13 од Конечниот извештај за извршена ревизија на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2004 година не се прифаќа.

4. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во Годишниот извештај.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2004 година поднесен е приговор бр. бр.05-4516/1 од 10.06.2005 година.

Образложенијата за прифаќање односно неприфаќање на приговорите се следните:

1. Приговорот на **точката 11.5.2. алинеја 7** од Конечниот извештај **се прифаќа,** односно се прифаќа даденото образложение во приговорот.

2. Приговорот на **точката 11.2.3.** од Конечниот извештај **делумно се прифаќа**, односно констатацијата од првиот став се менува и гласи: „Не се остварени предвидените приходи од Буџетот на РМ кои се утврдени со Програмите за здравствена заштита во износ од 135.580 илјади денари, кои Буџетот на Република Македонија треба да ги дозначи до Фондот на име средства за партиципација за осигурените лица во 2004 година (195.580 илјади денари

планирани средства – 60.000 илјади денари реализирани средства) и покрај тоа што Фондот ги побарал потребните средства од Министерството за здравство одобрени се само 60.000 илјади денари.„

3. Приговорот на **точката 11.5.2. алинеја 6** од Конечниот извештај **делумно се прифаќа,** односно истиот се менува и гласи: „ Без да се спроведе постапка за јавна набавка набавувани се лекови и медицински материјали по договори од 2001 и 2002 година спротивно на член 48 став 2 ал. 4 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ бр. 21/02-Пречистен текст и 24/03). Кон старите договори склучени се анекси, односно не е обновен тендерот и тоа:
   -Кон договор број 02-3870/18 од 18.10.2001 година склучен е анекс број 02-245/1 од 16.01.2004 година во вредност од 27.339 илјади денари и тоа за набавка на цитостатици кои не се предвидени во основниот договор во вредност од 3.895 илјади денари а за кој е претходно е склучен Анекс кон основниот договор бр.02-3870/32-2001 од 12.03.2002 година во вредност од 27.431 илјада денари.
   -Склучениот договор од 27.02.2002 година по тендер од 26.12.2001 година за набавка на целулозна вата и вата во вредност од 4.116 илјади денари е надополнет со 2 анекси и тоа: Анекс бр. 02-7135/22-2001 од 10.12.2002 година за набавка на фластер во вредност од 253 илјади денари и Анекс бр. 02-7135/24-2001 година од 18.02.2003 година за набавка на хидрофилна газа. Со склучените анекси извршена е промена на предметот на набавката од основниот договор без спроведување на постапка за јавна набавка.
   -За набавка на лекови (леводопа, царбидопа и ранитидин) склучен е основен договор и анекс кон договорот во 2002 година. Испораката на лековите од основниот договор е реализирана но и покрај тоа договорот е продолжен со анекс кон договор од 25.02.2004 година во вкупна вредност од 2.598 илјади денари при што е променет производителот на лекот со иста генерика.

4. Приговорот на **точката 11.5.2. алинеја 8** од Конечниот извештај поради дополнително дадени информации и документи **делумно се прифаќа**, Не се прифаќа делот за извршените набавки во 2003 и дел во 2004 година и плаќања по истите во 2003 и 2004 година, поради неспроведена постапка за јавна набавка во вкупен износ од 12.025 илјади денари дадени во преглед прилог број 1.
   Приговорот по наодот за дополнително изведени градежно занаетчиски работи за заштитен бункер-акцелератор по анекси бр. 02-2222/4 од 23.10.2003 година и анекс бр. 02-2222/5 од 23.10.2003 година на вкупен износ од 28.149 илјади денари кој е платен во 2003 година износ од 23.877 илјади денари и 4.272 илјади денари во 2004 година не се прифаќа од причини што дополнителните инвестициони и градежни работи се поголеми од 20% од вредноста на договорената набавка од основниот договор.

5. Приговорот на **точката 11.1.3.** од Конечниот извештај **не се прифаќа**, а се однесува на констатацијата дека „не е донесен акт (ценовник) со кој би се утврдиле референтни цени за лекови, медицински помагала, опрема и други помагала и потрошни материјали кои се користат во здравствената заштита на осигурените лица што Фондот ги надоместува, што е спротивно на член 54 точка 8 од Законот за здравствено осигурување. Рефундирањето на средствата на осигурениците се врши врз основа на цени утврдени на тендери кои Фондот ги спроведува„. Со приговорот на оваа констатација се потврдува дека таков акт не е донесен освен донесената Одлука за

утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот.

6. Приговорот на **точката 11.3.1.** алинеја 2 од Конечниот извештај **не се прифаќа**, а се однесува на неправилна примена на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за Буџетите. Фондот прифати и го евидентира основното и специјалното одржување на градежните објекти во подрачните служби како зголемување на основните средства што е наведено во точката 19.1. алинеја 7 од Конечниот извештај односно изврши зголемување на вредноста на градежните објекти што само по себе подразбира расход за основно и специјално одржување. Исправка на позициите од Билансот на приходи и расходи не е можна по издавањето на финасиските извештаи но ревизијата има обврска да ги искаже погрешните прикажувања на дадени расходи а во случајов на искажаните раходи за тековно одржување односно расходите за основно и специјално одржување.

7. Приговорот на **точката 11.5.1. алинеја 4** од Конечниот извештај **не се прифаќа,** од причини што Фондот не извршил пренамена на средствата со одлука од Управниот одбор. За реализација на Спогодбата за судски спор со Комерцијална банка ад Скопје склучена на 21.07.2004 година со која е предвидено исплатата да биде вршена на рати почнувајќи од 01.08.2004 година, можел да предвиди и изврши пренамена за потребните средства во износ од 10.820 илјади денари бидејќи истата е склучена пред да се донесе ребалансот на Буџетот на РМ на ден 25.10.2004 година.

8. Приговорот на точките 12 и 13 од Конечниот извештај е упатен на констатациите кои не претставуваат наод во извештајот туку мислење на Овластениот државен ревизор за финансиските извештаи и за законското и наменското користење на средствата. Од таа причина ревизијата не го прифати приговорот на точките 12 и 13 од Конечниот извештај.

   Утврдените неправилности и незаконитости претставуваат одговорност за извршување на работите и работните задачи на Фондот на лицата кои во наведените периоди ги извршувале истите.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Скопје, 14.07.2005 година

**Главен државен ревизор,**

**Методија Тошевски**

**ПРИЛОГ БРОЈ 1**

**ПРЕГЛЕД НА НЕСПРОВЕДЕНИ ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ**

во 000 денари

| Р.бр. | Предмет на набавка | Добавувач | Износ | Обврска од 2003 година исплатена во 2003 година | Обврска од 2003 година исплатена во 2004 година | Обврска од 2004 година исплатена во 2004 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| 1 | Набавка на сини картони, етикети | "Цетис" | 216 | - | 206 | 10 |
| 2 | Набавка на самолепливи етикети-бандероли | "Монико" | 681 | 573 | 108 | - |
| 3 | Набавка на тонер и рибон | "Рибон" | 268 | - | 119 | 149 |
| 4 | Набавка на тонер и рибон ( постапка за јавна набавка во 2002 година) | "Инфосигнал" | 81 | - | 18 | 63 |
| 5 | Сервисирање на возила (замена на делови) | "Калас" | 138 | 69 | 69 | - |
| 6 | Сервисирање на возило ланчиа капа (замена на делови) | Авто сервис "Тале" | 260 | - | - | 260 |
| 7 | Сервисирање на опрема-замена на пумпа, истекување на вода од пумпа, сервисен преглед на агрегат и сл. | "Меприng инженеринг" | 145 | - | - | 145 |
| 8 | Изведување на градежно занатчиски работи-реконструкција на постојан деловен простор, надградба на нов простор за Фондот и набавка на хидростаница за противпожарна заштита | "Метал ексклузив" | 69 | - | - | 69 |
| 9 | Одржување на апликативен софтвер (Договор со Давид компјутери бр 07-1250/1 од 01.03.2002 г. раскинат и склучен Договор со Семос бр 11-3681/1 од 09.05.2003 и Договор бр 11-3680/1 од 09.05.2003 ) | "Семос компјутери" | 9.404 | - | 925 | 8.479 |
| 10 | Директен пристап на интернет преку закупена линија (Договор бр 07-609/1 од 04.02.2002 и Анекс бр 1 07-609/4-200 од 03.05.2003) | АД "Македонски телекомуникации"-МТ Ком | 763 | - | 763 | - |
| | | **ВКУПНО:** | **12.025** | **642** | **2.208** | **9.175** |